**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-485/8**

**Скопје, 07.08.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации на општина Крива Паланка за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации на општина Крива Паланка за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Драги Трајчевски, Градоначалник на општина Крива Паланка од 07.04. 2005 до 31.12.2005 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 24.05. 2006 до 24.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со

извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. На сметката на Наменски дотации на општина Крива Паланка на 31.12.2005 година има салдо од 6 илјади денари, овие средства не се потрошени согласно финансиките планови на корисниците за намените за кои се дотирани согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа иако буџетската година е завршена. Непочитувањето на законските прописи придонесува да на сметката за наменски дотации има салдо на 31 Декември .

**Препорака:**

Средствата на сметката за наменски дотации да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани согласно финансиките планови на корисниците на тие средства.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации на општина Крива Паланка на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката на Наменски дотации на општина Крива Паланка остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 07.08. 2006 година** **Овластен државен ревизор**

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 4,055 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **4,055** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 4,049 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,049** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **4,049** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **6** | **0** |

**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 6 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **6** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 6 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **6** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **6** | **0** |